**20240140352**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

**УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АУДИОВИЗУЕЛНИТЕ ДОБРА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за аудиовизуелните добра,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 16 јануари 2025 година.

Бр. 08-274/1
16 јануари 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АУДИОВИЗУЕЛНИТЕ ДОБРА**

Член 1

Во Законот за аудиовизуелните добра („Службен весник на Република Македонија“ број 103/2008, 47/11, 51/11, 154/15, 39/16 и 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 103/21), во член 9 во ставот (2) зборовите: „органот на државната управа надлежен за работите од областа на културата“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за култура и туризам (во натамошниот текст: Министерството)“.

Член 2

Во член 11 во ставот (9) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен” се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен”.

Член 3

Во член 37 во ставот (8) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен” се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен”.

Член 4

Во член 41 во ставовите (1) и (3) зборовите: „Министерството за култура” се заменуваат со зборот „Министерството”.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.